# 45. МНОГУ КРВЈА, МНОГУ СОЛЗИ




1. Многу крвја, многу солзи,
   земја натопија,
   многу лисја, гора смени,
   машка снага испи.
   Но по таа борба тешка
   слобода ни блесна.

2. Во илјада деветсто и
   третата година,
   се создаде Република,
   во славно Крушево,
   Македонска Република,
   прва на Балканот.

3. Претседател прв ми беше
   тој Никола Карев,
   со македонски војводи,
   сите Илинденци.
   Даме Груев, Питу Гули
   и Јане Сандански.

4. За слобода загинаа,
   славните војводи,
   на Македонците они,
   завет оставија,
   да се борат за слобода
   за Македонија.